Врз основа на членовите 48, 49, 50, 51, 52 и 53 од Законот за административните службеници (Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/2018 и Службен весник на РСМ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/24), согласно со Правилникот за систематизација на работните места во Општина Аеродром 04-8001/1 од 05.12.2024 година, в.д. градоначалникот на Општина Аеродром на 8.4.2025 година ја донесе следнава

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Бр. 04-1485/7
08-04-2025 год
СКОПЈЕ

# ОДЛУКА

за избор на административен службеник по објавен интерен оглас 02/2025

1. Административниот службеник Штефица Калиновчиќ Спировска се избира на работно место – Помошник Раководител на Сектор за правни работи и имот и имотно правни работи, шифа УПР 0101Б03000, ниво Б3, во Сектор за правни работи и имот и имотно правни работи – 1 извршител по интерен оглас бр.02/2025, објавен на веб-страницата на Општина Аеродром и на Агенцијата за администрација на ден 28.3.2025 година.
2. За именуваниот кандидат од точка 1 на оваа одлука по завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа одлука ќе се донесе Решение за унапредување на административен службеник.
3. Одлуката за избор на административен службеник по интерен оглас бр.02/2025 се доставува до кандидатите и се објавува на веб-страницата на Општина Аеродром.

## Образложение

На 28.03.2025 година на веб-страницата на Општина Аеродром и на веб-страницата на Агенцијата за администрација е објавен интерен оглас бр. 02/2025 за унапредување на административни службеници во Општина Аеродром за работно Помошник Раководител на Сектор за правни работи и имот и имотно правни работи, шифа УПР 0101Б03000, ниво Б3, во Сектор за правни работи и имот и имотно правни работи – 1 извршител.

Врз основа на објавениот интерен оглас, Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение на в.д. градоначалникот на Општина Аеродром број 04-1485/4 од 4.4.2025 година, по спроведена административна селекција и по спроведено интервју со единствениот уреден кандидат за работно место – Помошник Раководител на Сектор за правни работи и имот и имотно правни работи, шифа УПР 0101Б03000, ниво Б3 – 1 извршител, состави записник со финална ранг-листа на кандидати со предлог-одлука за избор на прворангиран кандидат, заведен под број 04-1485/6 од 7.4.2025 година.

Согласно со член 51 став 6 од Законот за административни службеници, Комисијата ја достави до в.д. градоначалникот на Општина Аеродром финалната ранг-листа на кандидати со предлог-одлука.

Врз основа на горенаведеното, в.д. градоначалникот на Општина Аеродром по разгледување на приложената финална ранг-листа, одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Упатство за правно средство**: Против ова Решение може да се поднесе жалба преку градоначалникот до Комисијата на Агенцијата за администрација за решавање во втор степен по жалби и приговор на административни службеници во рок од 8 дена од денот на приемот и објавувањето на одлуката на веб-страницата на Општина Аеродром.

Изготвила:
Ирена Петревска
Соработник за развој и унапредување
на процесот за управување со човечки ресурси

в.д.Градоначалник
на Општина Аеродром
Дејан Митески

Република Северна Македонија-Општина Аеродром • Скопје •

Доставено до:
-именуваниот
-архива
-Одделение за управување со човечки ресурси